**20180350590**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 февруари 2018 година.

Бр. 08-1382/1
20 февруари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/2016, 67/17 и 125/17), во членот 71 став (10) по зборовите: „изборни резултати“ се додаваат зборовите: „од одржаните избори за претседател на Република Македонија и избори за пратеници во Собранието на Република Македонија“.

По ставот (10) се додава нов став (11), кој гласи:

„(11) Трансакциската сметка од ставот (1) на овој член се затвора во рок од девет месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, избор за градоначалник на општината и градоначалник на градот Скопје.”.

Член 2

Во членот 85 став (1) зборовите: „став (10) “ се заменуваат со зборовите: „ставови (10) и (11)“.

Член 3

Во членот 86 ставот (3) се менува и гласи:

„Надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија најдоцна во рок од три месеци од конечните изборни резултати од одржаните избори за претседател на Република Македонија и избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, а од буџетот на општината и на градот Скопје за одржаните

избори за членови на советите на општините и Советот на град Скопје, избор за градоначалник на општината и градоначалник на градот Скопје најдоцна во рок од девет месеци од конечните изборни резултати, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори."

Во ставот (4) по зборот „Скопје" се додаваат зборовите: „врз основа на претходно доставено барање за надоместок на трошоци за избори од учесникот во изборната кампања до Државната изборна комисија".

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".